

# ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Собранието е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Република Македонија, односно единствен орган на државната власт кој има надлежност да донесува закони.

Потребното мнозинство за донесување на законите е утврдено со Уставот на Република Македонија и закон. Согласно Уставот, Собранието може да одлучува ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број пратеници (кворум). Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници (просто или релативно мнозинство), освен ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство (апсолутно или квалификувано мнозинство). При одлучувањето за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи, употребата на симболите, мора да има и мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија (двојно или т.н. Бадентерово мнозинство).

Законите се донесуваат во точно утврдена постапка (законодавна постапка), која е уредена со Деловникот на Собранието на Република Македонија. Законодавната постапка претставува серија на чекори низ кои предлогот на закон треба да помине пред да стане закон. Согласно Деловникот, постапката се одвива во три читања (редовна постапка).

Законите најчесто се носат во редовна постапка, но во одредени случаи може да бидат донесени по скратена, а во исклучителни ситуации и по итна постапка.

Право да предлага донесување на закон има секој пратеник, Владата на Република Македонија и најмалку 10,000 избирачи, кои се нарекуваат овластени предлагачи. Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Согласно Деловникот, предлогот на закон овластените предлагачи го доставуваат до претседателот на Собранието, кој потоа го доставува до пратениците, во писмена или електронска форма, со што започнува законодавната постапка.

## ПРВО ЧИТАЊЕ

Во рамките на првото читање, работните тела (комисиите) и Собранието одлучуваат дали предлогот на закон е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Предлогот на закон прво се разгледува во матичната комисија и во Законодавно-правната комисија, а доколку произведува финансиски импликации и во Комисијата за финансирање и буџет. Потоа, тој се разгледува и на седница на Собранието.

Матичното работно тело и Законодавно - правната комисија одржуваат општ претрес по предлогот на законот и подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на закон е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Предлогот на закон потоа се разгледува на седница на Собранието каде, исто така, се

одржува општа расправа. По општата расправа, Собранието одлучува дали предлогот на закон може да се даде на второ читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот е прифатлив и може да се даде на натамошно читање, донесува заклучок со што законодавната постапка продолжува.

Со истиот заклучок, за предлогот на закон кој е од поширок интерес, Собранието може да одлучи да спроведе јавна дискусија и да определи матично работно тело што ќе ја организира јавната дискусија. Работното тело надлежно за организирање на јавната дискусија треба да го направи предлогот на закон достапен за сите заинтересирани страни (граѓани, јавни установи, институции, НВО, синдикати и др.), кои во утврден рок може да доставуват свои мислења и предлози во врска со предлогот. Врз основа на нивните мислења и предлози, матичното работно тело подготвува извештај од дискусијата, кој заедно со предлогот на закон го доставува до Собранието на второ читање.

Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив, законодавната постапка се прекинува. Во тој случај, истиот предлог на закон не може да се поднесе во рок од три месеци.

## ВТОРО ЧИТАЊЕ

Во второто читање се врши повторно разгледување на предлогот на закон во работните тела и на седница на Собранието. Во оваа фаза од постапката може да се поднесуваат амандмани. Амандман претставува предлог за изменување или дополнување на предлогот на закон.

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на закон во матичната комисија и Законодавно-правната комисија, кои вршат претрес на одредбите од предлогот на законот и поднесените амандмани од страна на пратениците или пратеничките групи и гласаат по нив. Во оваа фаза, можност да поднесуваат амандмани имаат и работните тела.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш овие комисии по завршувањето на претресот подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на закон во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

По разгледувањето на предлогот на законот во работните тела, следува разгледување на предлогот на седница на Собранието. На второто читање на седница на Собранието се води претрес само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани може да поднесе секој пратеник, пратеничка група и предлагачот.

Амандманот се усвојува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, без оглед на мнозинството гласови потребно за донесување на законот. Амандманот на подносителот на предлогот на законот и амандманот со кој тој се согласил се смета за составен дел на предлогот на законот.

Доколку Собранието усвои амандмани на повеќе од 1/3 од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршеното второ читање, текстот на законот правно-технички се уредува и се подготвува за трето читање.

Ако се усвојат амандмани на помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на закон да се одржи на истата седница. Претседавачот тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на спомената одлука.

Но, доколку на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман, тогаш не се врши трето читање и на истата седница се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

## ТРЕТО ЧИТАЊЕ

Во третото читање не се вклучени работните тела и тоа по правило се одржува на наредната пленарна седница по второто читање.

И во оваа фаза пратениците и предлагачот може да поднесуваат амандмани и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седница на Собранието.

Во текот на третото читање, Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнителниот предлог на закон за кои се

поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

## СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скратена постапка за донесување закон може да се примени на барање на предлагачот, во следните случаи: ако не е во прашање сложен и обемен закон; ако престанала важноста на некој закон или одредби од некој закон, и ако не се работи за сложени и обемни усогласувања со правото на ЕУ.

За предлогот законот да се разгледа по скратена постапка одлучува Собранието. Доколку одлуката е позитивна, претседателот на Собранието веднаш го задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Работните тела расправаат во постапка како за второ читање. Тоа значи дека се расправа за членовите од законот поединечно и се расправа и одлучува по поднесените амандмани. Амандмани може да се поднесат до самиот почетокот на седниците на работните тела.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка Собранието одржува и општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница на Собранието. Во тој случај второто читање започнува со претрес по предлогот на законот, во иста постапка како за второ читање на законите кои се донесуваат во редовна постапка. Разликата е во тоа што амандмани можат да се поднесуваат и на седницата, до почетокот на третото читање на предлогот на законот.

## ИТНА ПОСТАПКА

По исклучок, закон може да се донесе и по итна постапка, но само во следните случаи: ако е тоа неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството; кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на земјата, или во случај на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлагачот е должен да го образложи предлогот за донесување на закон по итна постапка и да го приложи предлогот на законот чие донесување се предлага.

За оправданоста на предлогот, Собранието одлучува без претрес. Ако одлуката е позитивна, Собранието ги задолжува матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на закон се разгледува по итна постапка, не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со претрес по предлогот на законот во согласност со одредбите на Деловникот за второто читање. Кога предлогот на закон се разгледува по итна постапка не важат временските ограничувања наведени во Деловникот.

## ПРОГЛАСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ

Законите се прогласуваат со указ кој го потпишуваат претседателот на Републиката и претседателот на Собранието. Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за негово прогласување.

Пред да влезат во сила, законите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување, а влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, освен по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Покрај на македонски, законите се објавуваат и на албански јазик.

## ПРАВО НА СУСПЕНЗИВНО ВЕТО

Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Во тој случај, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот на Републиката е должен да го потпише указот и доколку законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

# ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ВО РЕДОВНА ПОСТАПКА ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА





Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

Овој документ е изработен во рамките на проектот "Воспоставување и развој на Парламентарниот институт" на Собранието на Република Македонија, кофинансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) со советодавна поддршка од Националниот демократски институт (НДИ).
Мислењата изразени овде не мора да ги одразуваат ставовите на СДЦ или НДИ.

Публикувано од Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија, 11 Октомври 10,1000 Скопје
Подготвено од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт, јули 2014